**Опциони предмети за III (третиот) семестар**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **Право на хартии од вредност** | | | |
| 2. | **Код** | 50835 | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Деловно право | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје<br>Универзитет “Св. Кирил и Методиј“ Скопје | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор циклус | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | прва година/прв семестар | **7.** | **Број на ЕКТС кредити** | 8 |
| 8. | **Наставник** | проф. д-р Димитар Гелев | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | нема | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |

Цел на предметната програма по Право на хартии од вредност е да им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочени знаења за правното регулирање на хартиите од вредност и со специфични вештини за примена на ова право во практиката.

Посебни задачи на оваа програма се:

- да ги оспособи студентите самостојно да ги идентификуваат и критички да ги анализираат основните институти на правото за хартиите од вредност.

- да развива вештини за примена на стекнатите знаења во практиката во врска со правото на хартии од вредност.

- студентите да ги разберат основните концептуални, терминолошки и етимолошки поими во сферата на издавањето и тргувањето со хартиите од вредност. Правната природа на хартиите од вредност и видовите хартии од вредност.

- студентите да бидат во состојба да ги разликуваат и разберат основните насоки во развојот на издавањето и тргувањето со хартиите од вредност

- студентите да бидат во состојба да ги знаат правната природа на акцијата; различните значења на терминот акција; водењето регистер на хартии од вредност; вредноста на акцијата (емисиона, билансна и пазарна вредност на акцијата); категории на акции според: легитимирањето на сопственикот, обемот на правата, редоследот на издавање, правото на глас, дематеријализацијата, вредноста, слободата на тргување. Посебни категории акции: винкулирани акции, работнички акции, бесплатни акции, акции со попуст и др.

- студентите да бидат во состојба да ги знаат хартиите од вредност и нивните пазари; пазарни структури и механизми за тргување со хартии од вредност; регулација на пазарите со хартии од вредност, пазарни (берзански) индекси. Теорија на пазарот на капитал; портфолио теорија; модел за вреднување на капиталските имоти; хипотеза за ефикасни пазари на хартии од вредност.

| | |
|---|---|
| | - студентите да бидат во состојба да ги знаат вреднувањето на хартиите од вредност со фиксен доход: стапка на принос до достасување на обврзниците; терминска структура на каматните стапки; имунизацијата од каматен ризик; каматните свапови.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат вреднувањето на акциите: моделите на вреднување, техничката анализа; фундаменталната анализа; дериватните хартии од вредност; вреднувањето на опциите: тргувани опции, варанти, конвертибилни хартии од вредност.<br>- студентите да бидат во состојба да ги знаат вреднувањето на фјучерсите; менаџментот со портфолијата на хартии од вредност; целите на инвестирање во хартиите од вредност, политиката на инвестирањето во хартиите од вредност; мерењето на перформансите на менаџментот со портфолија на хартии од вредност.<br>За остварување на овие цели и задачи предметната програма по Право на хартии од вредност ќе ги обработи теоретските аспекти на правото за хартиите од вредност, а потоа ќе се фокусира на практичната примената на правните правила со кои се регулира оваа материја.<br>По завршувањето на ова предметна програма студентите:<br>- ќе можат самостојно да ги истражуваат институтите на правото на хартиите од вредност од теориски аспект, начините на нивно нормативно обликување и конкретизација и примената во практиката. |
| **11.** | **Содржина на предметната програма:** |
| | Во рамките на предметот Право на хартии од вредност студентите се запознаваат со хартиите од вредност (поим и видови); акции, обврзници и други видови хартии од вредност; издавањето на хартиите од вредност (јавна понуда и проспект); издавачите на хартиите од вредност; актите за издавање и вредноста на емисијата, јавната понуда (проспект), приватната понуда, постапката пред надлежните органи околу издавањето на хартиите од вредност; депозитарот на хартиите од вредност, регистрацијата на хартиите од вредност, вршењето на нетрговските преноси и порамнувањето на нетрговските трансакции (Депозитар на хартии од вредност, регистрација на хартиите од вредност, вршење на нетрговски преноси, порамнување на нетрговски трансакции); тргувањето со хартиите од вредност (берзи), секундарно тргување со хартиите од вредност, берзите и поимот на берзанското работење, котација на хартиите од вредност, тргување со хартии од вредност, решавање на спорови и водење евиденција, надзор врз работењето на берзите; овластени учесници на пазарот со хартии од вредност, видови услуги со хартии од вредност, видови услуги со хартиите од вредност, брокери и дилери, брокерски куќи, налози на клиентите, инвестициони советници и друштва за инвестиционо советување; обврски за известување: акционерски друштва со посебни обврски за известување на членовите на органите на управување, директорите и акционерите (акционерски друштва со посебни обврски за известување, известување на јавноста и на надлежните органи, известување на акционерските друштва, известување на директорите, известување на акционерите, Insider dealings (trading)); забранети дејствија во работењето со хартиите од вредност (неовластена понуда на хартии од вредност, ценовна манипулација, ширење неточни информации, внатрешни информации, неточни финансиски сметки и извештаи, казни); Комисија за хартии од вредност (статус, организација, надлежности), статус и организација на Комисијата за хартии од вредност, функции на Комисијата, донесување правилници и видови правилници, контрола и надзор врз учесниците на пазарот, мерки што може да ги преземе Комисијата за хартии од вредност, постапки што ги води комисијата; Спојување и преземање на компаниите (прописи, пракса), спојување, преземање, прописи со кои се регулираат спојувањата и преземањата, обврски за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | известување, Утврдување на вредноста на хартиите од вредност (емисиона, билансна и пазарна вредност на акциите и на другите хартии од вредност); прописите на анти-монополското законодавство (конкурентско право) и регулацијата на хартиите од вредност; регулација во Европската унија. | | | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Материјата е поделена во 12 тематски единици Во рамките на секоја тематска единица прашањата ќе се анализираат од теоретски и од практичен аспект. Студентите ќе бидат поттикнувани за самостојна и тимска истражувачка работа, менторирана од предметните наставници, која што ќе им овозможи продлабочени знаења и развој на вештини<br>Во предавањата ќе се користат различни техники на работа, вклучително Power Point презентации, индивидуални и групни презентации од студентите како и заеднички дискусии и работа на случаи. Предавањата ќе бидат интерактивни, а се очекува и ангажираност на студентите од аспект на истражување на одредени теми во и вон материјалот кои можат да бидат презентирани во договор со предметниот професор. Задачите за секоја наредна недела (каде е можно и порано) ќе бидат однапред назначувани со цел студентите да имаат доволно време да се подготват.<br>Од студентите се очекува да развијат истражувачки и аналитички вештини, но и да апплицираат презентерски вештини на час.<br>Што се однесува до задолжителната литература освен Законот за хартии од вредност и Законот за инвестициските фондови, студентите ќе добијат соодветни материјали што ќе мора да ги прочитаат. Што се однесува до литературата која студентите ќе мора да ја совладаат како испитна литература, таа ќе биде потесна од онаа што е предвидена за читање во согласност со ЕКТС стандардите (до 450 страни). | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 8 ЕКТС = 200 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 75+0+25+0+100 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 75 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 25 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 100 |
| **7017.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | 70 бода |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 бода |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | 10 бода |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Реализирани активности 16.1, 16.2, 16.3 | | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски/Англиски јазик | | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | | |
| **22.** | **Литература** | | | |
| | **22.1** | **Задолжителна литература** | | |

| **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | проф.д-р. Милан Недков<br>проф.д-р. Тито Беличанец | Право на друштва, книга втора | Проект за деловно опкружување на УСАИД | 2008 |
| **2.** | | Закон за хартии од вредност | Службен весник на Република Македонија | 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 |
| | **3.** | | Закон за инвестициски фондови | Службен весник на Република Македонија | 12/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013, 145/2015, 23/2016 |
| **22.2** | **Дополнителна литература** | | | | |
| | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | **1.** | Mattias Haentjens | Harmonisation of Securities Law: Custody and Transfer of Securities in European Private Law (Private Law in European Context)<br><br>(превод обезбеден од страна на предметниот наставник) | Kluwer Law International | 2015 |
| | **2.** | Eva Micheler | Property in Securities: A Comparative Study (Cambridge Studies in Corporate Law)<br>(превод обезбеден од страна на предметниот наставник) | Cambridge University Press | 2014 |
| | **3.** | Pierre Van Ommeslaghe, Jean Van Ryn, Bernard Glansdorff | Capital and securities of marketable share companies<br><br>(превод обезбеден од страна на предметниот наставник) | Brill/Nijhoff | 1990 |